Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 39, 3 мај 2010 година

мај 2010 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник - помлад асистент од научната област педологија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден помлад асистент/асистент за наставно - научната област ботаника на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ..... 5

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област растителна екологија и фитоценологија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ..... 11

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научната област хемија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ..... 21

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент по економика на земјоделството и основи на агроекономија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ..... 25

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент во научната област менаџмент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 31

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 40

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област историја на економската мисла на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 48

**РЕФЕРАТ** за избор на двајца соработници во соработничко звање асистент за научната област финансии и банкарство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 52

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област економска теорија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 61

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент во научната област статистика на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 68

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област математика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 74

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научно подрачје стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 77

**РЕФЕРАТ** за избор на асисистент (специјалист) за научната област ортопедски болести на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 84

**РЕФЕРАТ**за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 87

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕКОНОМСКА ТЕОРИЈА НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1702-37/26, донесена на 40. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 18.2.2010 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област ***економска теорија на Економскиот факултет*** при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник” и „Лајм”, на 4.2.2010 година, и во предвидениот рок се пријавија кандидатите:

1. м-р Дарко Лазаров, магистер на економски науки;
2. м-р Александар Станболиев, магистер на економски науки;
3. м-р Дарко Тинтоски, магистер на економски науки.

Врз основа на приложената и разгледаната документација и нашето познавање на кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Дарко Лазаров** е роден на 8 април 1984 год. во Штип. Средно образование завршува во 2002 година во Гимназија „Славчо Стоименски” во Штип, а Економскиот факултет го завршува на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предвидениот временски период со висок просек. По завршувањето на студиите се запишува на постдипломски студии на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, кои ги завршува во 2009 год. со просек 9,75, со одбрана на магистерската работа на тема од макроекономијата (*Сиромаштија, нееднаквост и квалитет на живот во Република Македонија*), при што се здобива со академска титула **магистер на економски науки**. Од јули 2007 год. е ангажиран како помлад асистент во областа економска теорија на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, каде покрива предмети како: Основи на економија, Макроекономија, Микроекономија и Економија на развој. Кандидатот одлично ги познава англискискиот и српскиот јазик. Има одлични познавања од компјутерската литература и бројни сертификати за работа со компјутери, комуникациски вештини и јавен настап и јавни дебати од областа на економијата (учество на економска емисија на локална телевизија, учество на дебата за анализа на економските политика на Владата на Република Македонија организирана од Институтот за економски стратегии и меѓународни односи, учество на дебата за економските ефекти од проектот „Скопје 2014” во организација на Институтот Павел Шатев). Учествува во повеќе активности на Економскиот факултет и Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип. Во 2008 година, кандидатот ја посетува летната школа за постдипломски студии по економски науки во Cervia – Италија, под покровителство на Државниот универзитет во Болоња, каде успешно го обрани својот *working paper* на тема *„Неформалната економија во Русија“*. За неговите знаења и вешти од областа на економијата има добиено препораки од повеќе професори, меѓу кои: проф. д-р Димитар Ефтимоски, проф. д-р Димитар Бојаџиоски и други.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатот м-р Дарко Лазаров има доставено список на **бројни научни и стручни трудови** со кои може да се согледа научната активност на кандидатот, од кои поважни се следниве:

1. Junior assistant Darko Lazarov: Informal economy in Russia, 14 th CEI International Summer School – Economic transition, Enlargement process and globalization, 2008, University of Bolonga.
2. Дарко Лазаров: Режими на девизен курс, Зборник, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип (во печат).
3. Дарко Лазаров: Други инструменти на надворешно-трговската политика, Зборник, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип (во печат).
4. Дарко Лазаров: Странски директни инвестиции во централна и Источна Европа, Зборник, 2009, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип.
5. Дарко Лазаров: Сиромаштија, нееднаквост и квалитет на живот во Република Македонија, магистерски труд, Економски институт, Скопје, 2009.

*Необјавени трудови*

М-р Дарко Лазаров: Инвестиции во човечки капитал (во печат).

М-р Дарко Лазаров: Управување со обртни средства (во печат).

**Евалуација на трудот број 1:**

**“POVERTY, INEQUALITY AND QUALITY OF LIFE IN REPUBLIC OF MACEDONIA” / „СИРОМАШТИЈА, НЕЕДНАКВОСТ И КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА “**

Во трудот е направен обид да се навлезе во суштината на развојната економија од аспект на концептот на човековиот развој, со посебен акцент на сиромаштијата, како најзначаен проблем на развојната економија. Притоа, тежиштето е ставено на концептот на човековиот развој и сиромаштијата во Република Македонија, и квалитетот на живот на македонските граѓани.

Кандидатот го насочува својот напор кон аналитична разработка на концептот на човековиот развој и сиромаштијата и нееднаквоста како хроничен проблем со кој се соочува Република Македонија. Република Македонија треба да се насочи кон таква развојна политика која ќе го зголеми производството (БДП), но во исто време таквиот раст треба да се трансформира во повисоко ниво на човеков развој, намалување на сиромаштијата и подобрување на квалитетот на живот на луѓето. Во состојба на висока стапка на невработеност и сиромаштија, мерките на владата треба да бидат таргетирани кон подобрување на таквата состојба.

**Евалуација на трудот број 2:**

**“FOREIGN DIRECT INVESTMENTS IN CENTRAL AND EASTERN EUROPE” / „СТРАНСКИ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО ЦЕНТРАЛНА И ИСТОЧНА ЕВРОПА“**

Трудот ја потенцира важноста на странските директни инвестиции за земјите од ЦЕИ, но во исто време се презентираат мерките и политиките кои треба да ги преземат националните влади како би постигнале најголема ефикасност и како најдобро би го искористиле приливот на странските директни инвестиции во нивните национални економии. Капиталните инвестиции од странство подразбираат воспоставување на операции на локално ниво за производство и дистрибуција на добра и услуги.

Странските директни инвестиции во Централна и Источна Европа се насочени кон финансирање на производствени капацитети, особено во автомобилската индустрија, електрониката, индустријата за лекови, но исто така вклучувајќи ги банкарскиот сектор, телекомуникациите и транспортниот сектор. СДИ во ЦИЕ одиграа важна улога во остварување на повисоки стапки на економскиот раст и подобрување на економските перформанси. Теоретската разработка на СДИ и мерките за нивно привлекување во рамките на трудот се од голема важноста за земјите и владите на земјите од Централна и Источна Европа со цел привлекување на што е можно повеќе странски инвестиции.

**Евалуација на трудот број 3:**

**"OTHER INSTRUMENTS OF TRADE POLICY" / "ДРУГИ ИНСТРУМЕНТИ НА НАДВОРЕШНО-ТРГОВСКАТА ПОЛИТИКА"**

Цел на овој труд е да се анализираат инструментите на надворешно-трговската политика и да се истакне нивната важност за секоја национална економија од аспект на зголемување на националната конкурентност, да се подобри состојбата во билансот на плаќање, а од друга страна да не придонесе кон негативни влијанија за другите земји учеснички во надворешната трговија и да не се попречи процесот на либерализација кој воедно претставува тренд во денешната меѓународна трговија.

Царината претставува најчесто користена мерка во рамките на надворешно-трговската политика. Меѓутоа, со оглед на голем број фактори и ограничувања, вклучувајќи ги и настојувањата на WTO за намалување на царините во надворешната трговија, помеѓу земјите сè поголемо значење имаат т.н. други инструменти на надворешно-трговската политика. Во овие инструмунти се вклучени: извозни субвенции, доброволни извозни ограничувања, увозни квоти, барања за локална компонента.

**Евалуација на трудот број 4:**

**"THE REGIME OF EXCHANGE RATE"/„РЕЖИМИ НА ДЕВИЗНИОТ КУРС"**

Трудот ги елаборира различните режими на девизен курс што се применуваат од страна на националните економии, како и предностите односно слабостите на одделни режими на девизни курсеви. Девизниот курс ни ја покажува цената по која една валута се разменува за друга. Девизниот курс има големо влијание врз макроекономски агрегати, вклучувајќи ги монетарната и фискалната политика и секако влијанието врз вкупната економска активност во секоја економија. Девизниот курс во една национална економија може да врши некои мошне значајни функции. Тука, во прв ред, се мисли на улогата на девизниот курс во: нивелирањето на домашните и странските цени; рационална ориентација на националната економија во производството и надворешно-трговската размена; урамнотежување на билансот на плаќање; автоматската распределба на добрата и услугите и капиталот помеѓу различните национални пазари; остварување на платниот промет со странство итн.

Постојат повеќе видови на девизниот курс, тие се класифицирани како: фиксен, флексибилен, флуктуирачки, раководно флексибилен (приспособливи) и повеќекратни девизни курсеви. Секој од овие режими на девизниот курс може да биде применуван во рамките на националната економија.

**Евалуација на трудот број 5:**

**"INFORMAL ECONOMY IN RUSSIA"**

Трудот ја анализира неформалната (сивата) економија во руската економија. Сивата економија привлекува сè поголемо внимание од економската јавност во земјите во транзиција, заради фактот што има растечка тенденција во овие економии. Во рамките на трудот е направена теоретско истражување на сивата економија, формите на неформална економија што можат да се сретнат во земјите во транзиција, посебно во руската економија. Неформалната економија има негативни последици за просперитетот на секоја земја, па во таа насока во трудот се презентирани некои мерки и препораки за начините преку кои може

да се намали сивата економија. Во однос на теоретската разработка на сивата економија, направено е практични истражување и анализа за руската економија, како најистакната земја во транзиција од регионот на Централна и Источна Европа.

**Евалуација на трудот број 6:**
**„УПРАВУВАЊЕ СО ОБРТНИТЕ СРЕДСТВА“**

Трудот има за цел објаснување на општите поими за обртните средства, како и нивното значење за работењето на претпријатието и подетална разработка на методите за управување со овие средства. Методите за управување со обртните средства треба да им овозможат на претпријатијата ефикасно управување со обратните средства. Претпријатијата треба да се насочени кон остварување на таков обем на обртни средства ангажирани во залихи, побарувања од купувачите и готовина, што ќе овозможи минимални трошоци на претпријатието, но во исто време да не се загрози континуитетот на работењето и способноста на претпријатието за плаќање на своите обврски. Значи, обртните средства покажуваат специфичност во поглед на управувањето. Тие се менуваат во големината, поради што често можат да избегаат од контрола на претпријатијата. Затоа обртните средства бараат и посебен приод во управувањето со нив и тоа: планирање на потребните обртни средства, да се води грижа за одржување на потребната големина и да се анализира нивното користење.

**Евалуација на трудот број 7:**
**”INVESTMENT IN HUMAN CAPITAL” / „ИНВЕСТИЦИИ ВО ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ“**

Овој труд ја потенцира важноста на инвестициите во човечкиот капитал како неопходен фактор за остварување повисоки стапки на економски раст во секоја национална економија. Во таа насока, се елаборирани видовите на човечки капитал, со посебен осврт на состојбата во нашата земја во однос на нивото на човечки капитал.

Инвестициите претставуваат зголемување на капиталните фондови. Често пати кога се говори за инвестиции се подразбираат инвестиции во физички капитал (како што се: машини, опрема, фабрички хали, инвестиции во акции на некоја компанија и сл.).

Така, најголем број од економистите се насочени кон инвестиции во физички капитал, со цел остварување на повисок аутпут, односно БДП. Затоа најголем број економски политики биле насочени кон создавање на поволна клима за инвестирање во физички капитал. Таквото недоразбирање е резултат на тоа што капиталот се состои од две компоненти физички и човечки, а не само физички, и фактот што денес, сè повеќе се потенцира значењето на инвестициите во човечкиот капитал како неопходен фактор за економскиот раст на секоја земја. Овој труд преку теоретска разработка го елаборира човечкиот капитал, и значењето на инвестициите во човечки капитал за економските перформанси на секоја земја.

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Александар Станболиев** е роден на 28 јануари 1977 година во Скопје, Република Македонија. Факултет завршува на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, отсек Деловна (бизнис) економија и се стекнува со право на стручен назив **дипломиран економист.** По завршувањето на студиите се запишува на постдипломски студии на Универзитетот “Tor Vergata“ во Рим (Италија) и се стекнува со академски степен **магистер по економски науки**. Дипломата е издадена на 3.10.2006 година и истата е призната со Одлуката бр. 07-544/1 од 26.3.2007 година, донесена од стручната комисија од Наставно-научниот совет на Економски факултет во Прилеп, а на 28.3.2007 година од страна на Министерството за образование и неука е донесена Одлука за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство. Во однос на неговото образование - магистер по економски науки, поважни предмети се: Европска економија, Корпоративни

финансии, Управување со работна сила, Теорија на игра. Од 1999 до 2007 година работи во Македонски центар за меѓународна соработка, како раководител на проекти поврзани со одржливиот развој и јакнење на капацитетите на Македонското општество. Во однос на неговото професионално искуство, работи како консултант/истражувач при Центарот за регионални истражувања и соработка „Студиорум“ во Скопје, како истражувач на Високата школа на новинарство и односи со јавноста. Кандидатот нема искуство од аспект на спроведување на наставно-научни активности во областа на економските теории.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

М-р Александар Станболиев нема досатвено список на објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите во оригинал -наведени во Конкурсот).

***Биографски податоци***

Кандидатот е **м-р Дарко Тинтоски** роден на 28 септември 1974 година во Прилеп, Република Македонија. Економски факултет завршува во Прилеп, во 2001 година, и се стекнува со право на стручен назив **дипломиран економист** (забелешка: кандидатот нема наведено на кој отсек). По завршувањето на студиите се запишува на постдипломски студии на Економски институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, отсек Меѓународна економија и се стекнува со академски степен **магистер на економски науки**. Дипломата е издадена на 20.2.2005 година, бр. 5. Во однос на неговото образование, во 2005 година станува **магистер по економски науки**, поважни предмети се: Европска економија, корпоративни финансии, управување со работна сила, теорија на игра. Од 1999 до 2007 година работи во Македонски центар за меѓународна соработка, како раководител на проекти поврзани со одржливиот развој и јакнење на капацитетите на Македонското општество. Во однос на неговото професионално искуство работи како консултант/истражувач при Центарот за регионални истражувања и соработка „Студиорум“ - Скопје, како истражувач на Високата школа на новинарство и односи со јавноста. Исто така, кандидатот има доставена дополнителна документација со која го потврдува учеството на обуки за: Финансиски менаџмент и буџетирање, Закон за јавни набавки, сертификат за учество и обука на државни службеници за ЛЕР од Србија и Македонија и сертификат за учество на Меѓународно летно училиште „Глобализација со хумано лице“. Во контекст на неговото искуство во високообразовниот процес, кандидатот нема доставено докуметација со која би го потврдил неговото искуство од аспект на спроведување на наставно-научни активности во областа на меѓународната економија.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатот има објавено натписи од една страна, конкретизирани со одредени коментари и мислења поврзани за одредени економски и политички прашања во дневниот весник „Денес“. Од овие причини, Комисијата оцени дека натписите немаат научноистражувачка активност и не ги прифаќа како такви. М-р Дарко Тинтоски нема доставено список на објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите во оригинал - наведени во Конкурсот).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Имајќи го предвид научноистражувачкиот и стручниот опус на м-р Дарко Лазаров, Комисијата оцени дека тој како кандидат има постигнато значајни резултати во своето научноистражувачко и работно искуство. Земајќи го предвид неговото досегашно работно искуство, научната активност, како и неговиот научен и професионален пристап, дава можност кандидатот со успех да продолжи во изведување на наставниот процес во делот на реализација на вежби по наведената група на предмети од областа на економската теорија.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатот, Комисијата оценува дека м-р Дарко Лазаров ги исполнува предвидените законски и други услови и има чест на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет да му предложи **м-р Дарко Лазаров да го избере во звањето асистент за научната област** ***економска теорија*** **на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“.**

**Рецензентска комисија**
**Доц. д-р Круме Николоски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Ристо Фотов, член, с.р.**
**Проф. д-р Милан Илиевски, член, с.р.**

**Табела**
**за вреднување на активностите на м-р Дарко Лазаров,**
**според критериумите дадени во Правилникот за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 56 | број на часови по 0,2 поени за секоја учебна година | 11.2 |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Магистерски труд | 1 | 4 | 4 |
| Трудови со оригинални научни резултати објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати) | 3 | 1,3 | 3,9 |
| Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 2 | во странство 2 | 4 |
| Учество на научен собир со реферат (постер/усно) | 1<br>2 | домашни 1/1,5<br>странски 1,5/2 | 1,5<br>4 |
| Студиски престој во странство | 1 | 8 | 8 |
| **Стручно-апликативна (САОР)** | | | |
| Член на факултетски орган, комисија | 2 | 2 | 4 |
| **ВКУПНО ПОЕНИ (НО+НИ+САОР)** | **40,6** | | |